**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**
**Уп.1 бр.11-319**
**21.06.2016 година**
**С к о п ј е**

Врз основа на член 20 став 1 алинеји 1 и 8, член 23 став 1 алинеја 1 и член 141 став 13 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14 и 132/14), точка 8 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (Пречистен текст) бр.01-6039/1 од 20.10.2015 година и Писмениот извештај за извршен програмски надзор на Друштвото за производство, трговија, угостителство, сообраќај и услуги МУЛТИМЕДИЈА НЕТВОРК Л ДООЕЛ експорт-импорт Гостивар бр.11-3018/1 од 31.05.2016 година, поради констатирано непочитување на одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, односно поради реемитување на програмски сервиси, директорот на Агенцијата го донесе следното:

## Решение
## за опоменување и за исклучување на реемитувањето на програмски сервиси

1. **СЕ ОПОМЕНУВА** Друштвото за производство, трговија, угостителство, сообраќај и услуги МУЛТИМЕДИЈА НЕТВОРК Л ДООЕЛ експорт-импорт Гостивар, заради тоа што во рамките на аналогниот пакет реемитувал програмски сервиси кои не се регистрирани во Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги согласно член 141 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14 и 132/14), што е казниво по член 148 став 1 точка 25 и став 2 од истиот Закон.
   Повредата од став 1 од оваа точка специфицирана е во Писмениот извештај за извршен програмски надзор бр.11-3018/1 од 31.05.2016 година, кој е составен дел на ова решение како Прилог бр.1.

2. **МУ СЕ НАЛОЖУВА** на Друштвото за производство, трговија, угостителство, сообраќај и услуги МУЛТИМЕДИЈА НЕТВОРК Л ДООЕЛ експорт-импорт Гостивар, веднаш по приемот на ова решение да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14 и 132/14) на начин што ќе го исклучи реемитувањето на програмските сервиси.

3. Да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзор наведен во точка 1 на ова решение, постапил по решението за опоменување и за исклучување на реемитувањето на програмски сервиси.

4. Доколку субјектот на надзорот наведен во точка 1 на ова решение, не постапи по Решението односно продолжи со вршење на повредата за која е опоменет, Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги согласно член 23 став 1 алинеја 2 од истиот Закон, ќе поднесе барање за поведување прекршочна постапка пред надлежен суд.

5. Ова решение е конечно.
   Тужбата не го одлага извршувањето на решението.

## Образложение

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги во согласност со член 6 став 1 алинеја 4 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14 и 132/14), презема мерки во согласност со овој закон во случаите кога е извршена повреда на одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги или на прописите донесени врз основа на него и условите и обврските од дозволите.

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги врз основа на член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, е надлежна да врши програмски надзор (мониторинг) на програмите на радиодифузерите и давателите на аудиовизуелни медиумски услуги по барање, како и на програмските пакети кои ги реемитуваат операторите на јавни електронски комуникациски мрежи од аспект на почитувањето на одредбите од овој закон, дозволите, издадените потврди за регистрација, подзаконските акти и другите акти донесени од Агенцијата.

Во рамките на своите законски надлежности, а согласно член 27 и член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Агенцијата на ден 28.05.2016 година, изврши програмски надзор на програмските сервиси реемитувани во рамките на аналогниот пакет на операторот Друштвото за производство, трговија, угостителство, сообраќај и услуги МУЛТИМЕДИЈА НЕТВОРК Л ДООЕЛ експорт-импорт Гостивар, при што констатираше дека е сторена повреда на член 141 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Констатациите и описот на прекршувањето се детално специфицирани во Писмениот извештај за извршен програмски надзор бр.11-3018/1 од 31.05.2016 година, кој е составен дел на ова решение како Прилог бр.1.

Следствено на тоа, врз основа на член 20 став 1 алинеји 1 и 8, член 23 став 1 алинеја 1 и член 141 став 13 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и Писмениот извештај за извршен програмски надзор бр.11-3018/1 од 31.05.2016 година, поради констатирано непочитување на одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, наведено во точка 1 на ова решение, директорот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги донесе Решение со кое кон наведениот субјект се презема мерка опомена и му се наложи веднаш по приемот на решението да го исклучи реемитувањето на програмските сервиси и да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14 и 132/14).

Агенцијата ќе изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали наведениот субјект постапил по налогот односно опомената и престанал со реемитување на програмските сервиси.

Согласно член 24 ставови 1 и 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, ова решение е конечно и против него операторот може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението. Тужбата не го одлага извршувањето на решението.

Врз основа на горе наведеното, се донесе решение како во диспозитивот.

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Директор,**

**д-р Зоран ТРАЈЧЕВСКИ**

**Упатство за правно средство:** Против ова решение операторот на јавна електронска комуникациска мрежа може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред

надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

Прилог (1):

- Писмен извештај за извршен програмски надзор бр.11-3018/1 од 31.05.2016 година

Доставено до:

- Управителот на Друштвото за производство, трговија, угостителство, сообраќај и услуги МУЛТИМЕДИЈА НЕТВОРК Л ДООЕЛ експорт-импорт Гостивар;
- Друштвото за производство, трговија, угостителство, сообраќај и услуги МУЛТИМЕДИЈА НЕТВОРК Л ДООЕЛ експорт-импорт Гостивар;
- Помошник раководител на Сектор за стратешко планирање и авторски права;
- Секторот за правни и економско – финансиски работи;
- Агенцијата за електронски комуникации на Република Македонија;
- Назначеното лице во Агенцијата за водење на уписникот Уп 1.

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: 31-05-2016 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 11 | 3018 | 1 | |

Врз основа на член 28 став 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14 и 132/14), се доставува

## ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ
## ЗА ИЗВРШЕН ПРОГРАМСКИ НАДЗОР

**1. Програмскиот надзор се врши како:** **вонреден**

**2. Субјекти на надзорот:** Друштво за производство, трговија, угостителство, сообраќај и услуги МУЛТИМЕДИЈА НЕТВОРК Л ДООЕЛ експорт-импорт Гостивар - аналоген пакет

**3. Датум на извршување на надзорот:** 28.05.2015 година.

**4. Предмет на надзорот:**

Надзорот се врши врз исполнувањето на обврските утврдени во следните членови од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13, 13/14, 44/14 101/14 и 132/14):

4.1. член 50 став 5 – „Операторите на јавни електронски комуникациски мрежи можат да емитуваат или реемитуваат програмски сервиси со порнографија само во кодиран облик. Забрането е емитување или реемитување на детска порнографија“.

4.2. член 64 став 2 – „Доколку програмските сервиси што се реемитуваат преку јавни електронски комуникациски мрежи се титлуваат на јазик различен од јазикот на кој оригинално се произведени, мора да бидат титлувани на македонски јазик, или на јазикот на заедницата која не е во мнозинство, а го зборуваат најмалку 20% од граѓаните во Република Македонија, освен телешопингот и рекламите“.

4.3. член 141 – „Доколку Агенцијата врз основа на извршен програмски надзор согласно со овој закон утврди дека оператор реемитува програмски сервис кој не е регистриран согласно со овој член, Агенцијата во рок од седум дена од извршениот

програмски надзор ќе донесе решение со кое ќе му наложи на операторот веднаш да го исклучи реемитувањето на програмскиот сервис".

4.4. член 143 – „Оператор може да ги реемитува програмските сервиси на домашни радиодифузери само во сервисната зона за која радиодифузерите ја имаат добиено дозволата за обезбедување на телевизиско или радио емитување и врз основа на регулирани авторски права и сродни права, согласно со Законот за авторските права и сродните права".

4.5 член 144 став 1 – „Оператор кој реемитува програмски сервиси може да воспостави интерен телевизиски канал на кој ќе објавува само информации за функционирањето и услугите што истиот ги обезбедува. Обезбедувачот на програмскиот пакет е должен излезниот сигнал на интерниот телевизиски канал да го снима целосно и без прекин, а снимките да ги чува најмалку 30 дена по емитувањето".

**5. Констатација од надзорот:**

Во рамките на аналогниот пакет, операторот ги реемитува програмските сервиси Star TV, RTS SAT, RTK 1, TRT1, Kanal D, RTCG SAT, RTL и N 24, кои не се опфатени со потврдите за регистрација на аналоген пакет програмски сервиси издадени од Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиуми услуги, што е спротивно на член 141 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

**<u>ПРЕДЛОГ МЕРКА:</u>**

1. Директорот на Агенцијата да донесе решение за опоменување и за исклучување на реемитувањето на програмските сервиси на Друштво за производство, трговија, угостителство, сообраќај и услуги МУЛТИМЕДИЈА НЕТВОРК Л ДООЕЛ експорт-импорт Гостивар и согласно точка 8 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка бр.01-2760/1 од 06.04.2015 година, да му наложи веднаш по приемот на решението за опоменување и за исклучување на реемитувањето на програмските сервиси да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

2. Да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали операторот постапил по опомената (во целост, делумно или не постапил), по истекот на рокот определен во решението донесено од страна на Директорот на Агенцијата.

3. Решението од точка 1 да се достави до Агенцијата за електронски комуникации на Република Македонија.

**Одделение за заштита на авторски права, Сектор за стратешко планирање и авторски права**